# УПАТСТВО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ДИПЛОМСКИ ИСПИТ

Поради академскиот карактер на тригодишните стручни студии, студентите запишани на додипломските студии на Медицинскиот Факултет се обврзани да полагаат дипломски испит.

**Дипломскиот испит се состои од изработка на дипломска работа и нејзина јавна одбрана.**

Основните услови за пријавување и изработка на дипломската работа се следниве:

1. Дипломската тема студентот може да ја избере откако ќе го ислуша предметот: Основи на научна работа.
2. Студентите ги бираат дипломските теми по слободен избор од понудената листа на теми од соодветната студиска програма, со што ги бираат и менторите.
3. Листата на дипломски теми се објавува на огласна табла и/или на интернет страницата на факултетот. Дипломските теми се од областа на задолжителните предмети, а само со посебна дозвола од Координативното тело на тригодишните студии може да се одобри тема и од изборните предмети.
4. Дипломската тема студентот ја избира така што:
    - Ќе пополни образец за пријава за изработка на дипломска работа (**ОБРАЗЕЦ-1**, достапен е во деканатот во службата за работа со студенти на тригодишните студии и/или на интернет страницата на факултетот);
    - Ќе ја предаде пријавата во Деканатот во службата за работа со студенти на тригодишни студии каде ќе се направи увид во индексот;
    - Ќе добие писмена согласност од менторот (потпис на пријавата), по што истата ќе ја достави во Деканатот во службата за работа со тригодишни студии.
5. Увид во избраните теми има секој наставник-ментор и Декантот.
6. Дипломската работа е самостојна работа во облик на научен или стручен труд (види упатство) , односно може да биде мал истражувачки проект или компилативен труд за што студентот се договара со менторот.
7. Менторот е должен на студентот да му даде упатства за изработка на дипломската работа, како и да му помогне при користење на соодветната литература.

8. Студентот со соодветно образложение има право да ја промени темата за дипломската работа само еднаш, за што добива одобрување од **<u>Продеканот за настава</u>**.

9. За да се поднесе готовата дипломска работа во Декантот, студентот треба да ги има положено сите испити, вклучително и изборните.

10. По изготвувањето на дипломската работа и нејзиното одобрување од страна на менторот, дипломската работа во три примероци заедно со потврдата за полагање на дипломскиот испит (**<u>ОБРАЗЕЦ-2</u>** достапен е во деканатот во службата за работа со студенти на тригодишните студии и/или на интернет страницата на факултетот) се поднесува до службата за тригодишни студии во Деканатот. Три примероци се наменети за комисијата.

11. Потврдата за полагање на дипломскиот испит мора да биде одобрена и од службеникот за работа со студенти на тригодишни студии по увидот во досието на студентот кое мора да биде комплетно.

12. Координативното тело за тригодишни студии најдоцна 30 дена од поднесувањето на пријавата ја предлага трочлената комисија за одбрана, чиј што претседател е менторот, а комисијата ја потврдува деканот на факултетот.

13. Комисијата за одбрана е должна да ја оцени дипломската работа во рок од 7 дена и да поднесе куса рецензија и Образец - 3 (**<u>ОБРАЗЕЦ-3</u>** достапен е во деканатот во службата за работа со студенти на тригодишните студии и/или на интернет страницата на факултетот). Одлуката се донесува со мнозинство на гласови. Доколку еден член на комисијата си го изземе мислењето, деканот ја проширува комисијата на 5 члена која повторно одлучува за оценката на дипломската работа. Одлуката на проширената комисија е конечна.

14. Комисијата за одбрана може поради недоволна стручна обработка на дипломската работа да ја врати дипломската работа на доработка, но најдоцна за 2 месеци од моментот на барањето за корекција.

15. Студентот кој добил преодна оценка за дипломската работа (од 6-10) се стекнува со право за нејзина јавна одбрана. При тоа ги доставува во деканатот кусата рецензија и ОБРАЗЕЦ-3, потпишани од сите членови на комисијата и два примерока од дипломската работа, од кои едниот останува во досието на студентот, а другиот во библиотеката на факултетот.

16. Одбраната на дипломската работа е јавна и се закажува најдоцна 2 месеци од поднесувањето на дефинитивната верзија на дипломската тема во Деканатот.

17. Известувањето за полагањето на дипломскиот испит се објавува на огласна табла и/или на интернет страницата на факултетот, а ги содржи следните информации: име и презиме на студентот, предмет, наслов на темата, место и време на испитот и состав на комисијата.

18. Усмениот дел од дипломскиот испит се состои во кратка презентација (максимум до 30 минути) на дипломската работа, по што следи прашања-дискусија од темата во максимално вкупно траење на одбраната од 2 часа.

19. Испитната комисија го утврдува вкупниот успех на студентот на дипломскиот испит, што се состои од аритметичка средина на оценките добиени за изработка на дипломска работа и оценката за одбрана, а се изразува со оценка од 6 до 10.

20. Комисијата за полагање на дипломскиот испит е должна да пополни и потпише извештај (**ОБРАЗЕЦ-4** достапен е во деканатот во службата за работа со студенти на тригодишните студии и/или на интернет страницата на факултетот) за полагање на испитот и истиот да го достави до одговорниот за евиденција на студентите.

21. По јавната одбрана на дипломската работа менторот ја внесува оценката од дипломскиот испит во индексот на студентот како последен испит.

22. По завршување на студиите, односно по завршување на полагањето на дипломскиот испит, се утврдува општиот успех на студентите. Овој успех се изразува со просечна оценка, како аритметичка средина на позитивните оценки од сите наставни предмети и оценките на дипломскиот испит.